Financuar
nga Bashkimi Evropian
dhe Këshilli i Evropës

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Zbatohet
nga Këshilli i Evropës

INSTITUTI I SHËNDETIT PUBLIK

# ИНФОРМАЦИИ ЗА
# КОВИД-19



ИНФОРМАЦИИ ЗА

# КОВИД-19

# СОДРЖИНА


1. СОВЕТИ ........................................................................................................5

2. НАЈЧЕСТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ ЗА ВИРУСОТ И БОЛЕСТА КОВИД-19 ..........................................................7

3. СИМПТОМИ ...................................................................................................9

4. КАКО СЕ ПРЕНЕСУВА ИНФЕКЦИЈАТА ОД КОВИД-19..........................10

5. ПОВРШИНИТЕ И ХИГИЕНАТА ....................................................................14

6. ЖИВОТНИТЕ .................................................................................................15

7. ПРЕВЕНЦИЈА, ДИЈАГНОЗА И ТРЕТМАН ..................................................17

8. ПРЕПОРАКИ ЗА ПАТНИЦИТЕ .....................................................................20

9. БРЕМЕНОСТА ................................................................................................22

10. МЕРКИ ВО ПРАВЕЦ НА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КОНТРОЛАТА НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ ...............................................................................23

11. ЗА ГРАЃАНИТЕ.................................................................................................24

12. ЗА ДЕЛОВНИТЕ АКТИВНОСТИ......................................................................27

13. ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ..........................31

14. ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ПРИВАТНИОТ СЕКТОР ........................................32

# СОВЕТИ

**Извор:** www.coronavirus.al/keshilla

- Јавете се на телефонскиот број 127 доколку имате кашлица, треска или тешкотии при дишењето и пријавете ја историјата на патувањето доколку сте патувале во последно време;
- Редовно и темелно исчистете ги рацете со триење на рака врз основа на алкохол или измијте ги со сапун и вода;
- Кога кашлате и кивате, покријте ја устата и носот со вашиот подигнат лакт или користете книжни марамчиња за еднократна употреба. Веднаш фрлете го книжното марамче во ѓубрето и измијте ги рацете;
- Избегнувајте близок контакт со секој кој има треска или кашлица;
- Одржувајте одредена дистанца – најмалку еден метар – од другите, посебно кога кашлаат или киваат или кога имаат треска, затоа што вирусот се наоѓа во плунката и може да се пренеси преку дишењето доколку сте во близина.
- Избегнувајте контакти со пазарите на живо животно во области каде што има случаи на заболени од Коронавирус и спречете незаштитен контакт со живи животни или површини кои биле во контакт со животни;
- Избегнувајте консумирање сувомесни производи и термички необработени месни производи. Необработеното месо и непастеризираното млеко или органите на животните мора да се третираат внимателно, користејќи заштитни средства со цел да се избегне контаминацијата;
- Патниците кои имале контакти со потврдени случаи на заразени или кои биле директно изложени на можен

извор на инфекција мора да се поставaт под лекарско набљудување. Контактите со голем ризик мора да ги избегнат патувањата за периодот на инкубацијата до 14 дена;

- Светската здравствена организација препорачува користење на маски само доколку се сомневате дека сте заразени со новиот Коронавирус и имате симптоми како кашлица, кивање или негувате некого за кој постои сомнение дека е заразен со новиот Коронавирус (последно патување во Кина и респиративни симптоми). Користењето на маска помага за стопирање на капките при кашлање или кивање, преку кои може да се пренесе вирусот, но мора да бидат проследени и од други мерки на респираторна хигиена и хигиена на рацете. Не е потребно да држите неколку маски една врз друга.

- Миејте ги рацете: по кашлањето или кивањето; кога се грижите за заболени; пред, за времена и по подготвувањето на храна; пред да јадете; по користењето на тоалетот; после секоја работа; по допирањето на животните.

# НАЈЧЕСТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ ЗА ВИРУСОТ И БОЛЕСТА КОВИД-19

**Извор:** http://www.ishp.gov.al/pyetje-dhe-pergjigje-te-shpeshta-virusi-dhe-semundja-nga-covid-19/

## Што е коронавирусот?

Коронавирусите (CoV) се големо семејство на вируси кои предизвикуваат болести кои се движат од обична настинка до потешки заболувања. Тие се проширени кај многу видови на животни и ретко се развиваат, пренесуваат и заразуваат луѓе и потоа се прошируваат меѓу нив. Човечките коронавируси за прв пат биле идентификувани во 1960 година и до 2019 година биле познати 6 видови на коронавируси од кои 4 од нив се почести како: 229E (алфа коронавирус), NL63 (алфа коронавирус), OC43 (бета коронавирус) и HKU1 (бета коронавирус).

Во 21-от век, два коронавируси со висока патогеност како САРС – CoV кој предизвикува тежок Акутен респираторен синдром и МЕРС – CoV кој предизвикува Блискоисточен дишен синдром биле пренесени од резервоарите на животни од еден вид на диви мачки и камили кај луѓето, предизвикувајќи глобална епидемија со висока стапка на заразеност и морталитет.

## Новиот коронавирус КОВИД – 19

На 31 декември 2019 година, беа регистрирани неколку случаи на пневмонија во Вухан, во провинцијата Хубеи, Кина каде повеќето од нив пријавиле изложеност на голем пазар на морска храна каде се продаваа многу видови на живи животни. Прелиминарните податоци покажуваат дека 2019 – nCoV е сличен со САРС – CoV и дека може да се користи како рецептор ACE2. Од 11 февруари 2020 година, болеста предизвикана од овој вирус се нарече COVID-19 (CO – се поврзува со Коронавирусот; VI – се поврзува со вирусот; D – се поврзува со болеста (Disease) а 19 се поврзува со годината) додека вирусот се нарече SARS-CoV-2.

## Од каде доаѓа Коронавирусот?

Коронавирусот циркулира кај животни, а некои од коронавирусите имаат можност да бидат пренесени од животните кај луѓето. Веќе е докажано дека коронавирусот исто така се пренесува од еден човек кај друг.

# СИМПТОМИ

## Кои се симптомите на едно лице заразено со Коронавирус?

Симптомите зависат од вирусот, но вообичаени знаци се симптомите на респиративниот апарат: треска, кашлица, тешкотии при дишењето и скратен здив. Во потешки случаи, инфекцијата може да предизвика пневмонија, тежок акутен респираторен синдром, бубрежна инсуфициенција, дури и смрт.

## Колку е опасен новиот вирус?

Како и другите респираторни болести, новата инфекција од КОВИД-19 може да предизвика благи симптоми како настинка, болки во грлото, кашлица и треска, или потешки симптоми како пневмонија и тешкотии при дишењето. Во неколку случаи предизвикува и смрт.

Поголема можност за развивање на посериозно заболување е кај постарите луѓе и оние со основни медицински проблеми, како што се висок крвен притисок, срцеви проблеми и дијабетес.

## Која е разликата помеѓу симптомите на настинка, грип и новиот коронавирус?

Симптомите се слични: кашлица, треска, настинка. Сепак, тие се предизвикани од разни вируси, затоа, доколку постои сомнеж дека е коронавирус, неопходно е са се извршат лабораторски тестови за да се потврди дијагнозата.

## Колку трае периодот на инкубација?

Периодот на инкубација го претставува времето помеѓу инфекцијата и развојот на клиничките симптоми. Во моментов се проценува дека овој период варира помеѓу 2 и 11 дена, до максимум 14 дена.

**Дали коронавирусите и новиот коронавирус може да се пренесе од една личност кај друга?**

- Да, некои коронавируси можат да се шират од една личност кај друга, често по близок контакт со заразени пациенти, на пример меѓу членовите на семејството или во едена здравствена околина.
- Новиот коронавирус, одговорен за болеста КОВИД-19 исто така може да се пренеси од една личност кај друга преку близок контакт со инфектирана личност.

**Како се пренесува новиот коронавирус од една личност кај друга?**

Новиот коронавирус е вирус на респираторниот систем и се шири посебно преку близок контакт со заболено лице. Главни начини на пренесување на коронавирусот од едно заразено лице е преку:

- плунката, кашлицата и кивањето
- директните лични контакти
- рацете, на пример кога со загадени раце (сé уште не измиени) ја допирате устата, носот или очите.
- во ретки случаи, инфекцијата може да се појави преку фекална контаминација.
- Обично респираторните заболувања не се пренесуваат преку храната, но во секој случај мора да се почитуваат добрите хигиенски практики и да се избегнува контактот помеѓу необработената и обработената храна.

Сепак, научниците внимателно го следат развојот на овој вирус за подобро да се дознае како се пренесува.

## Која е дефиницијата за „близок контакт“?

Според ECDC (Европски центар за превенција и контрола на болести), „близок контакт” ќе се смета:

- Секое лице кое живее во ист дома.
- Секој што ќе има директен контакт со еден случај или со телесни течности или лабораторски примероци.
- Секој здравствен работник кој давал директна нега на пациент со КОВИД-19, работал со здравствени работници заразени до КОВИД-19.
- Секој кој посетил пациенти, или се наоѓал во ист простор на здравствената заштита со пациент заразен со КОВИД-19, посебно во случај кога пациентот е под постапка која генерира аеросол.
- Секој кој работел блиску со други или бил во ист затворен простор како на пример училница на училиште со пациент заразен со КОВИД-19.
- Секој кој стоел на растојание од најмалку 2 метари од заразеното лице, во секој простор кој не е наведен погоре и во секое време.
- Секој кој патувал заедно со заболен или неколку заболени со КОВИД-19 со било каков превоз.
- Лицата кои патуваат со авион во иста редица или две редици пред или по осомничениот случај или потврден со КОВИД-19; патнички придружници или старатели; и членовите на екипажот кои служеле во делот на авионот каде се наоѓало заразеното лице. Доколку „заразениот“ има тешки симптоми или се движел во авионот, што покажува по големо излагање на патниците, мора да се сметаат како блиски контакти сите патници кои биле седнати во истиот дел на авионот или целиот авион.

## Како да ги третираме „блиските контакти“ на еден потврден случај со КОВИД-19?

Секое лице кое пријавува било каков сомнителен, можен или потврден случај со КОВИД-19 мора да се пријави при Локалната единица за здравствена грижа веднаш, и потоа, при Институот за јавно здравје со формуларот за истрага. Оваа постапка мора да се изврши веднаш во текот на 24 часа.

Колку што е можно побрзо, Локалната единица за здравствена грижа во соработка со Институтот за јавно здравје, започнува со идентификација на лицата кои биле исто изложени како осомничениот или можниот случај и субјектите кои имаа близок контакт со случајот за време на симптомите или пред почетокот на клиничките знаци.

Во очекување на потврдувањето на случајот, поради важните досегашни нејасности во врска со оваа болест, секој контакт мора да се држи во само изолација и по потврдувањето на случајот, контактите стојат во само изолација или во средина прилагодена како карантин за да се обезбеди нивно социјално растојание применувајќи ги правилата за карантин.

## Кој може да се зарази од новиот коронавирус?

Лицата кои живеат или патувале во заразените области со новиот коронавирус може да бидат под ризик за инфекција. Во моментов, новиот коронавирус се кружи во Кина каде се пријавени голем број на случаи. Во другите земји, повеќето пријавени случаи во последно патувале во Кина. Помалку случаи се регистрирани кај тие кои живееле или имаа блиска соработка со луѓе инфектирани во Кина. Исто така, постојат земји каде се заразени неколку општини како на пример во Јужна Кореја, Хонг Конг, Јапонија, Тајландија, и во последно Италија.

## Дали инфекцијата на новиот коронавирус може да се пренесе од еден случај кој нема симптоми (асимптоматски носител)?

Според актуелните достапни податоци, симптоматските носители се најчестата причина за пренесување на вирусот.

Светската здравствена организација смета дека е ретка можноста за заразување со коронавирусот пред да се појават симптомите, сепак оваа можност постои.

## Дали е вистина дека новиот коронавирус може да се пренесе пеку контакт со металните шипки или рачките на автобусот доклку е во близина на лице кое кашла?

Врс основа на достапните податоци, се смета невозможно за една инфекција да се пренесе преку металните шипки или рачки на автобусите. Од друга страна, во моментов се наоѓаме со средината на сезоната на грипот. Затоа, доколку се појават симптоми како треска, кашлица, болки на грлото, главоболка а посебно тешкотии во дишењето, мора да се консултирате со вашиот лекар. Сепак, за да се спречат инфекциите, вклучувајќи ги и инфекциите на респираторниот систем, добра практика е да ги миете често и внимателно рацете откако ќе допрете објекти или површини кои се потенцијално загадени, пред да го допрете лицето, очите и устата.

## Дали здравствените работници се изложени на ризик да бидат заразени од новиот Коронавирус?

Да, ова група на професионалци е во ризик, затоа што тие се во контакт со пациентите почесто од другиот дел на населението. Светската здравствена организација препорачува дека здравствените работници мора да ги применуваат потребните мерки за превенција и конторла на инфекциите воопшто и посебно на респиративните инфекции.

# ПОВРШИНИТЕ И ХИГИЕНАТА

## Кои се правилата за дезинфекција / миење на рацете?

Миењето на рацете и дезинфекцијата се клучни за спречување на ширење на инфекијата. Рацете треба да се мијат често и темелно со сапун и вода, најмалку 20 секунди. Кога сапунот и водата не ви се достапни, може да користите средства за дезинфекција кои содржи најмалку 60% алкохол.

## Колку време останува коронавирусот на површините?

Прелиминарните информации покажуваат дека вирусот може да преживее неколку часа, иако сепак ова се истражува. Користењето на средства за дезинфекција може да го убие вируост и да спречи да инфектира луѓе, на пример средствата за дезинфекција кои содржат 75% алокохол (етанол) или белило кое содржи 1% хлор.

## Дали е сигурно добивањето на пакети од Кина или други земји кои се инфектирани од вирусот?

ДА, тие се сигурни. Светската здравствена организација изјави дека луѓето кои добиваат пакети не можат да стапат во контакт со новиот Коронавирус, затоа што вирусот не може да преживее на површини за доло време.

## ЖИВОТНИТЕ

### Дали луѓето можат да се инфектираат со новиот коронавирус од животните?

Деталните истраги откриле дека, во Кина во 2002 година, САРС-КоВ се пренесувал од мачките кај луѓето и, во 2012 година во Саудиска Арабија, МЕРС-КоВ од гамилите кај луѓето. Многу коронавируси се познати дека циркулираат кај животни, но сè уште не ги заразиле луѓето. Додека системот за набљудување се подобрува низ целиот свет, веројатно ќе се идентификуваат повеќе видови на коронавируси. Изворот од животните на новиот коронавирус сè уште не е идентификуван. Се претпоставува дека првите случаи кои биле заразени од вирусот во Кина потекнуваат од животински извор.

### Дали можам да се заразам од домашното милениче?

НЕ, во моментов нема никаков научен доказ дека домашните миленичиња, како куче и маче, го носат вирусот или можат да го пренесат. Но, се препорачува да ги миете рацете често со сапун и вода или средства за дезинфекција кои содржат алкохол по контактот со животните.

### Дали е можно да се увезуваат животни или производи од животинско потекло од Кина?

Поради присуството на некои заразни болести кај животните во Кина, само неколку живи животни и производи од животинско потекло се дозволени да се увезуваат во Европската унија од Кина.

Нема докази дека кое било од животните, или производи од животинско потекло, кои се дозволени да влезат во Европската унија, претставуваат здравствен ризик за граѓаните на ЕУ, поради присуството на САРС-КоВ-2 во Кина.

## Дали е можно да се увезуваат прехранбени производи од Кина?

Исто и кај увозот на животни и производи од животинско потекло, како резултат на здравствената состојба на животните во Кина, само некои прехранбени производи од животинско потекло се дозвлени за увоз во ЕУ од Кина, под услов да ги исполнуваат строгите здравствени услови и да бидат контролирани.

Од истите причини, патниците што влегуваат во граничната територија на ЕУ не смеат да носат месо, производи од месо, млеко или млечни производи во својот багаж.

# ПРЕВЕНЦИЈА, ДИЈАГНОЗА И ТРЕТМАН

## Како можам да се заштитам од новиот коронавирус?

Коронавирусот предизвикува типични респираторни симптоми. Подолу ќе ви претставиме неколку препораки:

- Редовно и темелно исчистете ги рацете со триење на рака врз основа на алкохол или измијте ги со сапун и вода;
- Кога кашлате и кивате, покријте ја устата и носот со вашиот подигнат лакт или користете книжни марамчиња за еднократна употреба. Веднаш фрлете го книжното марамче во ѓубрето и измијте ги рацете;
- Избегнувајте ги блиските контакти со некој кој има температура и кашлица;
- Одржувајте одредено растојание – најмалку еден метар – од другите, посебно кога кашлаат или киваат или кога имаат треска, затоа што вирусот се наоѓа во плунката и може да се пренеси преку дишењето доколку сте во близина.
- Консултирајте се со вашиот лекар ако имате кашлица, температура или тешкотии при дишењето и пријавете ја историјата на вашите последни патувања;
- Избегнувајте контакти со пазарите на живо животно во области каде што има случаи на заболени од Коронавирус и спречете незаштитен контакт со живи животни или површини кои биле во контакт со животни;
- Избегнувајте консумирање сувомесни и термички необработени месни производи. Необработеното месо и непастеризираното млеко или органите на животните мора да се третираат внимателно, користејќи заштитни средства со цел да се избегне контаминацијата;
- Патниците кои имале контакти со потврдени случаи на заразени или кои биле директно изложени на можен извор на инфекција мора да се поставаат под лекарско набљудување. Контактите со голем ризик мора да ги избегнат патувањата за периодот на инкубацијата до 14 дена;

- Запомнете дека има неколку причини за респираторните заболувања и новиот Коронавирус може да биде една од нив. Доколку имате благи симптоми и во последно не сте биле во Кина, или во некои од заразените земји, седете дома додека симптомите ќе олеснат применувајќи ги мерките за хигиена, како хигиената на рацете и респираторната хигиена.

## Дали вирусот се пренесува преку храната?

Обично, респираторните заболувања не се пренесуваат преку храна, која, сепак, мора да се третира во однос на добрите хигиенски практики и да се избегне контакт помеѓу необработената и обработената храна.

## Дали треба да носам маска за да се заштитам?

Светската здравствена организација препорачува да носите маска само доколку се сомневате дека сте заразени со новиот коронавирус и имате симптоми како кашлица, кивање или ако се грижите за лице за кое постои сомневање дека е заразен со новиот Коронавирус (последно патување во Кина и респираторни симптоми). Употребата на маската помага да се ограничи ширењето на спрејовите и преку нив на вирусот, но треба да бидат проследени со други мерки на респираторна хигиена и хигиена на рацете. Не е неопходно да се носат неколку маски еден врз друга.

## Како треба да ја ставаш и отстрануваш маската?

Еве како треба да постапите:

1. пред да ја ставите маската, измијте ги рацете со вода и сапун или со алкохол.
2. покријте ја устата и носот со маска, осигурувајќи се дека одговара на вашето лице.
3. не ја допирајте маската за време на ставањето – ако ја допрете, измијте ги рацете.
4. кога маската е навлажнета или омекната со влага, заменете ја со нова и не користете ја повторно; всушност тие се маски за еднократна употреба.
5. маската не треба да ја допираме од напред и ја вадиме прво од ушите;

6. веднаш фрлете ја во затворено ѓубре и измиејте ги рацете.

**Кога е потврден еден случај со новиот коронавирус?**

Кога тој е детектиран позитивен на хроматографскиот тест за присуството на КОИВД-19.

**Што треба да правите кога се соменевата за случај со новиот коронавирус?**

Во контекст на појава на заразен агент, за кој не е познат начинот на директно пренесување од човек на човек и епидемискиот и биолошкиот ризик, секој сомнителен случај треба да се третира според општата постапка врз основа на Законот 15/2016 за заразни болести. Сите лекари на здравствените центри кои лекуваат пациент за кој постои сомневање дека е заразен со новиот коронавирус, треба да известат според Законот 15/2016 и да го контактираат лекарот за заразни болести, како и Националниот центар за итни случаи на телефонскиот број 127, доколку случајот треба да се хоспитализира. Доколку пациентот стапи во контакт со системот за примарна здравствена заштита (неговиот матичен лекар, Националниот здравствен центар за итни случаи 127), препорачливо е да не го пратите веднаш во просторијата но да се погрижите да ги добие првите заштитни мерки за да се избегне контакт со други пациенти, па дури и во случај кога нема симптоми со цел да се спречи ширењето.

**Дали постои вакцина за овој нов вид на коронавирус?**

Кога една боелст е нова, нема вакцина, и можеби ќе бидат потребни неколку години се додека се произведе една нова вакцина.

**Дали има третман за КОВИД-19?**

Во моментов нема специфичен третман за заболувања предизвикани од коронавирус. Сепак, многу од симптомите може да се третираат во зависност од клиничката состојба на пациентот. Негата за поддршка може да биде ефикасна. Продолжува потрагата за специфични терапии.

**Дали антибиотиците можат да бидат корисни во спречувањето на новата инфекција со коронавирус?**

НЕ, антибиотиците не се ефикасни против вирусите, но функционираат само против бактеријалните инфекции.

## ПРЕПОРАКИ ЗА ПАТНИЦИТЕ

**Што се препорачува за патниците?**

- Се препорачува да се одложат непотребните патувања во опасните обалсти на Кина. Опасните области на Кина можат да се најдат на веб-страниците на Светската здравствена организација.

- Ако патувате во Кина, во опасните области, се препорачува да бидете вакцинирани против сезонските грипови најмалку две недели пред патувањето. Вакцинацијата против грипот најмалку две недели пред поаѓањето е да се олесни дијагностицирањето и управувањето со сомнителните случаи, со оглед на сличните симптоми помеѓу коронавирусот и грипот, за да се избегне соживотот на два вируси во ист организам и да се намали пристапот до амбулантите за компликации од грип.

- Исто така, се препорачува да се избегнува посета на пазари на производи од свежа храна од животинско потекло, да се избегне контакт со луѓе кои имаат респираторни симптоми и да ги миете рацете често.

- Ако кај некое лице се појават респираторни симптоми (кашлица, болка во грлото, отежнато дишење) додека е во опасните области, треба да побара итна медицинска помош.

- За сите лица кои во последните 14 дена влегле во Албанија, откако престојувале во областите на Кина погодени од епидемијата, како што е идентификувано од Светската здравствена организација, овие лица треба да бидат само-контролирани и само-изолирани.

Ако респираторните симптоми (треска, кашлица, болки во грлото, отежнато дишење) се појават две недели по враќањето од опасните области:

- контактирајте бесплатно на телефонскиот број за Националниот центар за итни случаи 127
- доколку сте во контакт со други лица, ставете клиничка маска
- миејте ги често рацете.

## Што треба да правите ако во последно престојувавте во некоја од опасните области?

Луѓето кои се вратиле во Албанија, откако престојувале во областите на Кина погодени од епидемијата, во последните 14 дена за дополнителни информации да контактираат со Институтот за јавно здравје.

## Колку долго ќе трае ова епидемија?

Во моментов не е можно да се предвиди колку ќе трае епидемијата од новиот Коронавирус и како ќе се развие. Се справуваме со нов вирус и затоа остануваат многу нејаснотии. На пример, не е познато дали ширењето ќе се намали во текот на летото, како што е случајот со сезонскиот грип.

# БРЕМЕНОСТА

**Дали бремените жени се изложени на поголем ризик од компликации и тешки форми од КОВИД-19?**

Нема научни докази за подложноста на бремените жени кон вирусот. Бременоста вклучува промени во имунолошкиот систем кои можат да го зголемат ризикот за заразување од вирусни респираторни инфекции, вклучително и оние од Коронавирусите. Покрај тоа, бремените жени може да укажуваат на зголемен ризик од развој на тешка форма на вирусни респираторни инфекции.

Сепак, во врска со пренесувањето на КОВИД-19 и за бремените жени, се препорачува преземање на нормални превентивни мерки за да се намали ризикот од инфекција, како што се често миење на рацете и избегнување на контакти со болни лица.

# МЕРКИ ВО ПРАВЕЦ НА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КОНТРОЛАТА НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ

**Извор:**https://infocoronavirus2019.al/kontrolli-ne-pikat-kufitare-urgjenca-mjekesore/

Институтот за јавно здравје во координација со Државниот здравствен инспекторат, пристанишниот орган во Драч и здравствениот оператор подготви и спроведе список на прашања за контрола на патниците за сомнителни случаи со заразни болести (конкретно за идентификување на КОВИД - 19) за сите гранични премини на сите нивоа на копно, море и воздух; за добивање на точни податоци во исто време за живеалиштето, место за патување и транзит, но и клинички податоци за респираторни инфекции или клинички знаци со доминација на треска и настинка.

Подготвен е протоколот за болеста предизвикана од КОВИД-19 и правилата за известување и следење на сомнителни случаи по авиони, аеродроми, пристаништа, гранични премини кои се адаптирани со правилата и протоколот за САРС, како и други упатства. Подготвена е патничката датотека за секое ниво на граничните премини на море, копно и воздух од каде се добиваат демографски податоци: живеалиште, име, презиме, број за контакт, место на живеење и транзит на патникот. Брзи информации на два јазика, кои се во процес за сите патни линии.

На сите копнени и морски гранични премини, направено е обид да се има посебен простор за привремен престој на осомничените случаи со спроведување на алгоритмот на чекање и транспорт на сомнителните случаи. На аеродромот „Мајка Тереза“ и на пристаништето на Драч се подготвени посебни простории за изолација, како привремен карантин.

Се одржани обуки на вработените на граничните премини со здравствените работници. Државниот здравствен инспекторат врши систематско оценување за дезинфекцијата и хигиенско-санитарните услови на сите гранични премини на секое ниво.

# ЗА ГРАЃАНИТЕ

**Извор:** https://coronavirus.al/per-qytetaret/

**За сите граѓани:**

**Дозволено е:**

- Движење на пешаците во урбаните средини без да бидат придружувани од други лица и во определениот временски интервал утврден од надлежните органи.
- Движење само за основните потреби за снабдување со храна или лекови, во определениот временски интервал утврден од надлежните органи.
- Движење на лицата кои имаат добиено дозвола од надлежните органи или во случај на здравствена емергенција или придружник на пациенти кои примаат болничка услуга.
- Движење во паркови, отворени зелени површини и во урбани средини почитувајќи ја обврската за да не се собираат повеќе од 2 лица, кои меѓу нив мора да го почитуваат растојанието од најмалку 2 метри меѓу нив.
- Движење на превозните средства кои имаат добиено посебна дозвола од надлежните органи и превозните средства на вработените во јавните и / или приватни институции на кои им е дозволено да се движат во определениот временски интервал.
- Барањето за дозвола за приватно возило се прави онлајн, на страницата на Државната полиција и таа ќе биде одобрена само откако ќе биде разгледана и одобрени од страна на надлежните структури.
- Движење само со лични возила 4 + 1 кон или од Грција.

**Не е дозволено:**

- Излегувањето од дома од саботата во последното дозволено време до понеделникот во првото дозволено време.
- Од 30 март, излегувањето за пазар без дигитална дозвола со емаил или телефон во име на семејството преку онлајн апликацијата.
- Не почитување на само-изолацијата на граѓаните кои се дојдени од некоја од заразените земји со КОВИД-19. Се казнува со парична казна 700 000 (седумстотини) леки.
- Не почитување на задолжителната само – изолација до страна на државјаните кои се тестирани позитивни и не ја применуваат наредбата издадена од страна на надлежните органи за задолжителна само-изолација. Се казнува со парична казна 700 000 (седумстотини) леки.
- Движење со јавните или приватните возила на градските и меѓуградските патници до втора наредба.
- Движење на транспортните возила за патници (автобуси, такси, и други) на влез и излез на граничните премини од 23:59 часот почнувајќи од 15.03.2020 година.
- Движење на транспортните возила, јавни и приватни, вклучувајќи ги и приватните возила, во определените области и временскиот период утврдени од надлежните органи. Се казнува со одземање на возачката дозвола за период од три години и блокирање на возилото.
- Движење по паркови, зелени отворени области и урбански зони повеќе од две лица. Треба да се почитува растојание најмалку 2 метра.
- Движењето на граѓаните надвор од дозволениот временски период утврдени од надлежните органи. Се казнува со парична казна од 10 000 (десет илјади) леки и блокирање на приватното возило за 3 месеци, доколку поседува.

- Движење по паркови и отворени зелени области, во урбанските зони, или други јавни отворени простори. Се казнува со парична мерка од 20 000 (дваесет илјади) леки и блокирање на приватното возило за 3 месеци, доколку поседува.

- Движење на пешачите во урбанските области само надвор од дозволениот временски период без да бидат во придружба на други лица.

- Движење на пензионерите во урбанските области до втора наредба, со исклучок на случаите кои имаат добиено дозвола за движење или имаат здравствени проблеми.

- Движење на патниците кон Италија.

- Транспортот на патниците од и кон Грција преку воздух, море или копно, или на лиценсираните такси.

- Одржување на јавни или приватни активности, како спортивни и културни активности, конференции, или масивни собирања на затворен или отворен простор, како концерти, манифестации, јавни сослушувања. Се казнува со парична казна од 5.000.000 (пет милиони) леки за организаторите и прекинување на активноста.

- Влегувањето на придружниците и/или членови на семејството на пациентите кои се хоспитализирани во амбулантите, институциите за здравствена грижа, болниците каде добиваат медицинска нега, со исклучок на случаите кога тоа е дозволено од директоратот на болницата. Се казнува со парична мерка од 500 000 (петстотини илјади) леки за придружникот и/или членовите на семејството на пациентот како и одговорното лице за не применувањето на ова правило.

# ЗА ДЕЛОВНИТЕ АКТИВНОСТИ

**Се дозволува во секое време**

- Меѓународниот транспорт на стока (вклучувајќи ја Италија или Грција)
- Моторните возила кои дистрибуираат неопходна стока или услуги.
- Услугите за домашна достава и катеринг.
- Акредитирано движење за поштенските работници, услугите за безбедност на објекти, меѓународен транспорт и други основни услуги.

**Се дозволуваат само во определениот временски рок за движење.**

- Трговијата на мало или големо на прехранбени производи, лекови, медицински производи и финансиските институции.

**За време на определениот временски рок ќе бидат дозволени за отварање само:**

- Супермаркети
- Маркети
- Аптеки
- Бензиски пумпи
- Банките
- Ветеринарите
- Работилниците
- Основните услуги
- Активностите кои ќе продолжат со работата (компаниите се задолжителни да ги почитуваат условите за безбедност, растојание и хигиена на нивните вработени)

- Земјоделството
- Сточарството
- Риболов и аквакултура
- Производството на храна
- Производството на пијалоци, тутун
- Производство и преработка на лекови
- Минерали
- Нафта и гас
- Конфекциите
- Телефонските центри (Call center)
- Металургија
- Гума и пластика
- Хемиска индустрија
- Електрична индрустрија
- Преработка на дрво
- Енергија, гас и климатизација
- Производство на вода
- Градежните компание
- Трговијата на автомобили
- Трговијата со електронски уреди

## Забрането е во секое време

- Зголемување на продажните цени на прехранбените производи, лекови, медицинска опрема и услуги
- Казнување од страна на банките или финансиските институции на субјекти кои докажале инсолвентност за плаќање на кредитите во периодот март-мај
- Извоз на лекови или медицинска опрема надвор од

Република Албанија

- Отварање на кафичи, ресторанти, брза храна, диско, ноќни клубови, теретани и др.
- Обезбедување на услуги од страна на стоматолошки клиники
- Организирање на каква било активност што создава собир на луѓе

**Ќе бидат затворени:**

- Трговските центри
- Религиозните објекти
- Образовните институции
- Библиотеките
- Книжарниците
- Музеумите
- Продавниците за гуми
- Продавниците за облека и чевли
- Продавниците за градежни материјали
- Продавниците за тепици и килими
- Домашна електронска опрема
- Продавниците за училишни средства
- Спортивна опрема
- Музички инструменти
- Продавниците за играчки
- Цвеќарниците
- Продавниците за домашни миленичиња
- Златарниците
- Продавниците за мебел

- Уметнички галерии
- Услуги за храна и пијалоци (исклучувајќи ги услугите за катериг)
- Рекреативни активности
- Спортивни активности
- Берберани, фризерски салони
- Естетски центри

**Задолжителни мерки за деловните активности на прехранбените и фармацевтските производи**

Сите субјекти кои тргуваат со прехранбени производи и други производи, на големо, неопходни за справување со состојбата предизвикана од епидемијата, се должни да преземат мерки за одржување на резервите што тргуваат за период од 3 месеци или во согласност со рокот на траење на производот. Набавената стока, со цел за справување со состојбата, доколку до крајот на епидемијата нема да се продаде на пазарот, ќе може да и се продаде на Генералниот директорат на државни резерви на материјали, според фактурата со која ова стока е набавена.

Сите субјекти кои продаваат лекови / медицинска опрема на големо, субјектите кои произведуваат лекови и медицинска опрема и субјекти кои нудат здравствени услуги, мора да бидат подготвени и да ги преземаат сите потребни мерки за обезбедување на набавки на лекови и медицинска опрема и за обезбедување на потребните здравствени услуги, во контекст на справувањето со вонредната состојба предизвикана од КОВИД-19.

Неисполнувањето на горенаведените мерки може да се казни со парична казна од 5.000.000 (пет милиони) леки и нема да бидат дозволени да учествуваат во постапките за јавни набавки за период од 3 години од страна на Агенцијата за јавни набавки.

**Се дозволува:**

- Да ја вршат нивната должност во институцијата каде работаат, само во дозволениот временски термин.
- Државните службеници и вработените во јавната администрација можат да извршуваат какви било функционални должности (доколку тоа го одобрат директорите на установите) во домашни услови, преку телефон или други средства за електронска комуникација. (Здравствениот персонал е исклучен од спроведувањето на оваа одлука.)
- Управниците и вработените во институциите кои заради својата должност треба да користат возило, мора да достават барање до надлежните органи за дозвола за движење со приватното или државното возило.

**Не се дозволува:**

Движењето пешки, со приватни или државни возила на вработените во јавната администрација на централните и локалните институции (чија работа не е поврзана со теренот), надвор од дозволениот временски период.

## ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ПРИВАТНИОТ СЕКТОР

За сите вработени во приватниот сектор кои можат да ја вршат својата активност во предвидениот временски период (погледнете ја категоријата „Бизниси“)

**Се дозволува:**

- Движењето за на работа со почитување на временскиот период.
- Само-декларирање и овластување за превозните средства доколку работодавачот не може да обезбеди превоз (за возилата 4 + 1 можат да се дозволат најмногу 3 лица во возилото, на кои треба да им се обезбедат потребните заштитни мерки како нараквици, маски, средства за дезинфекција); за моторите, дозволено е само едно лице кое треба да носи заштитна капа и маска.

**Не се дозволува:**

- Движењето и работата надвор од дозволениот временски период.
- Било каква постапка за вработување на персонал.

Овој издание е подготвено со финансиска поддршка од страна на
Европската Унија и Советот на Европа. Ставовите овде, во никој случај не
смееат да се земаат како основа за рефлектирање на официјално мислење
на која било страна.

Financuar
nga Bashkimi Evropian
dhe Këshilli i Evropës

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Zbatohet
nga Këshilli i Evropës